Читајте нè и на интернет и таму сме бесплатни skopskoeho.mk КЛИКНИ!

СКОПСКО ЕХО
бр. 205 — 26.04.2024
бесплатен неделник на македонската метропола

ПЕНАЛ
МАКЕДОНСКИ АГРЕГАТОР НА СПОРТСКИ ВЕСТИ

www.penal.mk

## ГРАЃАНИТЕ ЈАСНО КАЖАА НА ИЗБОРИТЕ

# Кутиите полни со пораки: СТОП за корупцијата, за лажните ветувања, за клечењето пред странци...







**Патиштата и пругите по Македонија не водат кон минатиот век, а многу пари се потрошија**



**Во Скопје може да биде навистина добро, само ако е добро и во Битола, Гостивар...**






**Министрите почесто ќе одат на партиски митинзи или на работнички протести?**

МАРКЕТ
SILVER CREST
AIR FRYER
4.999 ДЕН
3.899 ДЕН

SILVER CREST
МУЛТИФУНКЦИОНАЛЕН
БЛЕНДЕР
1.399 ДЕН

RAF
AIR FRYER
3.907 ДЕН
2.999 ДЕН

076-444-021
e-Market.mk
e-market.mk official
emarketofficialmk

# Министрите почесто ќе одат на партиски митинзи или на работнички протести?

По првото гласање се очекува изборната кампања пак да зоврива. Но, што да очекуваме од зовриените граѓани и нивните проблеми поради кои протестираа и за време на предизборието?






Повеќе денови протестираат и штрајкуваат околу 400 лекари-специјализанти барајќи да им се решат проблемите додека специјализираат. Вработени од триесетина подружници на „Национални шуми", пак, дојдоа пред главната дирекција бидејќи веќе 2 месеца не земале плата, а немаат ни здравствено осигурување. Вработените од „Македонска пошта" деновиве најавуваат дека сакаат судбината на претпријатието сами да ја решаваат.

Едноставно, на многу места има незадоволство. Еве и други примери:

Протести најавија околу 3.000 вработени во културните дејности кои бараат да им се исплати плата со ветеното покачување од 12 отсто. Проблемот испаднал оти Министерство за финасии не го одобрува она што им го ветила министерката за култура и сега тие морале да чекаат.

Лекторите по македонски јазик кои работат во странство, пак, со допис се пожалија дека се оставени на маргините, дека ниту им се исплаќаат целосни основни плати, ниту девизниот додаток кој служи за подобрување на нивниот животен стандард во странство. Вработени од Клиниката за токсикологија пак истапија против неправилното работење на економската директорка која не ни знае македонски јазик...

Се слушаат ли сите овие изблици на незадоволство таму каде што треба? Министрите и државните дикректори ќе тераат кампања или ќе ги решаваат проблемите? Владата неодамна заседаваше и реши проблемите на лекари – специјалисти да се решаваат по изборите. Надлежниот министер за здравство, пак, нивниот протест го оквалификува како „политички мотивиран" оти се случувал токму во време на изборите. Не се претргна власта ниту околу проблемот на Токсикологија, па видни доктори најавуваат заминување. Ова е начин на решавање на проблемите?

Работниците во „Национални шуми" бараат објаснување за тоа како може за нив да нема плати, а во претпријатието, токму во предизборен период, се примиле нови 355 вработени, претходно се вршела набавка на нови возила...

Вработените во „Пошта" чекаат на одговор што ќе биде со нивната намера да се направи нова систематизација која потоа ќе биде упатена во Владата за да се примени и подобри состојбата во ова големо претпријатие со околу 2.000 работни места и во кое има 15 подружници со 15 директори, многу шефови и други раководители, а малку непосредни работници.

Мора, министрите да најдат време за решавање на овие проблеми. Начини тие да се решат има, но треба да се сака и да се тргне кон нивно решавање. Но, за тоа да се случи, државните раководители треба да сфатат дека граѓаните и нивните проблеми сепак се поважни од партиските митинзи. Впрочем функционерите се дебело платени за да решаваат проблеми на граѓаните. А да не зборуваме дека и тие проблеми најчесто токму функционерите ги прават.




Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

ГРАЃАНИТЕ ЈАСНО КАЖАА НА ИЗБОРИТЕ

# Кутиите полни со пораки: СТОП за корупцијата, за лажните ветувања, за клечењето пред странци...

**Незадоволството на граѓаните кулминира на гласањето. Ваквото владеење веќе не можеше да се дозволи и мора да се случи промена. Народот е секогаш јасен кога е незадоволен, а оние што владееја тоа можеа уште порано да го видат, но не го видоа или го игнорираа. Заради тоа сега им стигна казната, ни вели Зоран Д.**





Полека слегнуваат впечатоците од првиот изборен круг на претседателските избори во Македонија. Останува една јасна констатација - двојна е предност за кандидатката Гордана Силјановска – Давкова зад која стоеше опозициската коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ во однос на главниот противкандидат Стево Пендаровски што е најлош резултат до сега за владеачката партија СДСМ. Значи, пораката на граѓаните беше јасна, директна, недвосмислена.

## Сега и 1.500 километри патишта да „направат“ нема да им помогнат

Од редовите на се уште владеачката партија СДСМ најавуваат дека нема да се откажат и дека и покрај убедливиот пораз ќе продолжат во својата кампања, дека нема да се откажат од европската иднина, каква што тие ја замислувале. Дали сега ќе се случат промени во нивната кампања останува да се види. Но, се чини, дека се мали шансите такво нешто да им помогне. Па дури и да тргнат да ги пуштаат во употреба патиштата кои објавуваа дека од 2017 година па до сега ги направиле, тешко дека ќе им тргне. Во реалноста ги нема 1.500 километри патишта што ги кажуваа за завршени. Граѓаните го земаа пенкалото и на избори ги пречкртуваат лагите.

Всушност, гласачките кутии беа полни со пораки. А со нив граѓаните заокружуваа бројки пред имињата на кандидатите, но всушност пишуваа што очекуваат во иднина и од што им е доста.

-Народот порача дека му е доста од корупција и попуштање на владеачката СДСМ пред притисоци и од внатрешни и од странски фактори, ни ги прокоментира изборните резултати аеродромецот Александар.

Големата разлика меѓу двајца кандидати кои одат во вториот круг е најубедлив доказ дека власта многу грешеше. Најчесто заокружуваната бројка „2“ и малото кругче околу неа во себе содржеа многу – разочарување од начинот на кој досега се владееше, епидемиска корупција, сомнителни и наместени тендери, неисполнети ветувања, понижувачки договори со кои Македонија мораше да се откаже од уставното име, од делот на историјата, прифаќање на преговарачка рамка за преговори со ЕУ со која се чекори кон откажувањето од сопствениот идентитет, игнорирање на референдумското мислење на народот, скандали со вработувања во државните служби, лошата реформа во образованието, уште повеќе разболеното здравство, иселувањето на младите..., а што се на земјава и донесе статус на „цикличен хибрид“ кој назадува во демократијата.

-Незадоволството на граѓаните кулминира на гласањето. Ваквото владеење веќе не можеше да се дозволи и мора да се случи промена. Народот е секогаш јасен кога е незадоволен, а оние што владееја тоа можеа уште порано да го видат, но не го видоа или го игнорираа. Заради тоа сега им стигна казната, ни вели Зоран Д..

Практично, граѓаните на сегашната власт и покажаа „жолт картон“. Бројките како да покажуваат дека за две недели, на 8 мај, тој ќе поцрвенее. Лидерот на најголемата опозициска партија Христијан Мицкоски вечерта по објавувањето на резултатите рече дека така поминува оној кој го потценува народот.

-Народот во Македонија покажа дека си ја сака Македонија и дека секој оној кој го потценува народот прави голема грешка. Ова е голема победа за македонскиот народ, потенцира Мицкоски.

Лидерот на владеачката партија Димитар Ковачевски, пак, призна дека народот ги казнил.

-Не очекувавме ваков резултат, јасно е дека луѓето не казнија и тоа го прифаќаме. Ова е тежок удар за европската перспектива, но не е доцна да се смени правецот. Откажувањето не е опција за нас, порача тој по изборите.

Кампањата и за претседателските избори и за парламентарните продолжува. Крајниот збор ќе го кажат граѓаните на 8 мај. Искуствата покажуваат дека обично првичната порака од граѓаните само се засилува... Но партиите не треба да се залетуваат, на Македонија пред се и треба нови искуства каде граѓаните ќе видат систем во кој се ништи корупција, систем во кој има добро образование и здравство, и систем кој го водат луѓе кои не коленичат пред непринципиелни и понижувачки барања и диктати, систем...

HALKBANK
>ВАЖНИ СЕ ЛУЃЕТО

## СТАНУВАМЕ СООБРАЌАЈНО СЛЕПО ЦРЕВО ВО РЕГИОНОТ

# Патиштата и пругите по Македонија не водат

**Ако нашиве власти беа сериозни и работеа за народот, до сега ќе имавме автопат кон Охрид, кон Бугарија, кон Косово..., смета Сашо Здравевски**





Власта минативе години силно се фалеше дека многу гради патна инфраструктура. Се правеа дури и спотови каде уверуваа дека направиле 1500 киломерти патишта. Ама всушност Македонија е полна со застарени патишта, полна е со нерамни патишта со дупки и пукнатини, полна е со многу започнати проекти кои не се завршуваат со години... Ништо не е подобро ни со пругите – напротив. Железничката инфраструктура е срам за Македонија. Пругите се дотраени, овозможуваат само мали брзини од по неколку десетина километри на час, некои пруги веќе одамна не виделе воз, а некои делници кои беа ветувани дека ќе се направат не видоа машини и работници како што треба.

Едноставно кажано - Македонија кога е во прашање патната инфраструктура не е влезена во 21 век. Цели подрачја од земјата се значително отсечени, а граѓаните се принудени и натаму да возат по стари, тесни и лоши патишта или да губат време и бензин за да одат по заобиколни патишта кои се навидум подобри. Ваква е денешна реалност во патната инфраструктура во Македонија. Ако вака се остави состојбата државата сигурно ќе стане слепа улица во регионот иако се наоѓа во централниот дел на Балканот и природно е крстосница на коридорите исток – запад и север – југ.

Зошто се дозволи ова? Многу пари се дадоа и потрошија од државните буџети во минатите години. Каде отидоа, зошто немаме добра патна инфраструктура?

Реконструкциите на старите патишта тешко и бавно се прават, а нови само на хартија се градат или тоа се прави со брзина на полжав.

- Воопшто не сум задоволен од тоа во каква ни се состојба патиштата. Старите патишта имаат неопходна потреба од обновување, а новите патишта се прават неквалитетно. Пругите, пак, се во очајна состојба, резигнирано вели Сашо Здравевски.

### ПРУГИ И ПАТИШТА ДОЦНАТ СО ДЕЦЕНИИ

Таква состојба на неодржувани и недоправени патишта и пруги може да се види речиси во секој дел од земјава. Вообичаено се смета дека е најважна сообраќајната автопатска и железничка артерија од Куманово до Гевгелија во која досега најмногу се вложувало. Но, и на неа патувањето со возови стана несигурно откако почнаа да се уриваат столбовите на железнички мостови заради деценискотo несанирање, а пругата никако да се модернизира за поголеми брзини на возовите. Пругата кон Бугарија, пак, никако да се заврши. Започната во 1994 година и по потрошени стотици милиони евра таа е се уште далеку од завршетокот на трите делници чија градба одвај продолжи пред две години. Сега има и нов рок – 2027 година за кој е прашање дали ќе се исполни. Делницата од Куманово до Бељаковце е изградена нешто повеќе од 45 проценти, од Бељаковце до Крива Паланка над 18 отсто, а од овој град па до бугарска граница допрва треба да почне градбата на 24 километри со неколку тунели и мостови. Можно ли е тоа?

А нови пруги уште се во проекти. Со Србија се потпишува Меморандум за изградба на брза пруга од Табановце па до Скопје и до Меѓународниот аеродром „Скопје", во планови е уште градење на пругата од Кичево до Струга и од Струга до граница со Албанија... И толку, другите делници не се ни спомнуваат што значи дека по застарените и недовршените пруги и натаму ќе се движат се помалубројните возови.

Тешко и бавно оди и градењето на новите патишта. Силно започнуваат со ветувања и ставања камен темелници, ама потоа...

-Земјите во регионот не надминаа. Наскоро патниците од регионот ќе почнат да ја заобиколуваат Македонија бидејќи се направија алтернативни коридори, ни коментира Дамјан.

Веќе неколку години не може да се заврши патот од Скопје до граничниот премин со Косово Блаце



**САШО ЗДРАВЕВСКИ: Во прашање е несериозен однос и, реално кажано, украдени пари по основ на провизија и лоши договори за градба**

### Патот Катланово - Петровец доби многу „датуми"

Крајот на март беше најновиот датум за завршувањето на маратонската реконструкција на автопатската делница од Катланово до Петровец. Но, од оваа најава на техничкиот премиер Талат Џафери, дадена при посетата на градилиштето помина цел месец, но делницата уште се приврушува. Може наскоро ќе биде целосно готова, ама остана легендарно тоа што оваа кратка делница има долгата листа на датуми за завршување. Нешто слично како „датумот" кој ЕУ и го дава на Македонија. Инаку, обновата на десетте километри од автопатот, којашто започна во далечната 2020 година требаше да трае само 12 месеци.

# кон минатиот век, а многу пари се потрошија



долг 12,5 километри, почнат во 2020-та година. Уште не се пушта делницата од 2,5 километри на која досега се работело. Остатокот од 10 километри не се ни споменува за градба. Цела деценија веќе се гради автопатот до Кичево до Охрид долг 57 километри кој требаше да биде завршен до сега но кој сега доби нов рок – до крајот на 2026 година! Конзорциумот „Бехтел и Енка" пак, почна со градба на нови четири автопатски делници долги 110 километри кои треба да бидат завршени за пет години, но веќе доаѓаат вестите дека градбите бавно напредуваат. Пречекорени рокови има и за експресниот пат Ранковце –Крива Паланка кој сега се гради, но и за експресниот пат Градско-Прилеп, кој веќе полни седум години се изведува на терен, а првичен рок за пуштање му беше крајот на 2022 година.

- Патиштата се катастрофа, автопатиштата се како ораница, исто и пругите. И тие што ги имаме не работат рентабилно, а камо ли нови да се градат, ни вели Зоран Богиќевиќ.



**ЗОРАН БОГИЌЕВИЌ: Одозгора, двапати плаќаме патарини - при регистрација на возило, а потоа на наплатни рампи**

Има и патишта кои никако да дојдат на ред за реконструкција или пак за правење на нови траси. Патот од Кочани преку Македонска Каменица кон Делчево со години веќе е опасен за возење. Одрони на земја и камења често го запираат сообраќајот по тесниот коловоз, исто како и на делницата Виница – Пехчево – Берово. Меѓутоа, најави за негова реконструкција нема иако овој дел од источна Македонија нема друга патна врска со Скопје, а и таа траса води кон Бугарија. Исто така, одамна не е спомената реконструкцијата на патот Битола – Ресен – Охрид и потоа кон албанската граница, а кој е во лоша состојба, опасен за возење и со чести сообраќајни несреќи.

-Патниот правец од Битола кон Охрид треба да се реконструира заедно со обиколницата кај Ресен, предлага Кире Рајчановски.

Лоша е состојбата и на патиштата во струмичко-дојранскиот регион кои воедно водат и кон бугарската и кон грчката граница.

## КОРУПЦИЈА И НЕСПОСОБНОСТ КАКО ПРИЧИНА

Граѓаните, се разочарани. Многу пари се потрошени, а нема патишта кои би биле соодветни за 21 век.

- Ако нашиве власти беа сериозни и работеа за народот, до сега ќе имавме автопат кон Охрид, кон Бугарија, кон Косово и фреквентните патишта Прилеп-Битола, Битола – Охрид, и од Охрид кон Подградец. Во прашање е несериозен однос и, реално кажано, украдени пари по основ на провизија и лоши договори за градба кои се на штета на народот, смета Сашо Здравевски.

И Звонко Димитровски е незадоволен од спората градба.

-А причина за тоа е корупцијата и неспособноста. Инаку, за мене сообраќани приоритети во земјава треба да бидат патните правци Гостивар – Охрид, Прилеп – Битола, Штип – Струмица и Куманово – Крива Паланка, смета тој.

Зоран Богиќевиќ ги споменува и патарините.

-Битола и Прилеп не поврзани со квалитетен пат, а има голема френкфенција на возила. Тетово – Гостивар воопшто не е автопат, нема лента за запирање, многу патарини има. Одозгора, како граѓани двапати плаќаме патарини – еднаш при регистрација на возилата, а потоа на наплатни рампи, потенцира тој.



**КИРЕ РАЈЧАНОВСКИ: Патот од Битола кон Охрид треба да се реконструира заедно со обиколницата кај Ресен**

Зарем уште ќе се чека да се разбудат „градителите"? Ќе престане ли досегашната пракса - ќе се определи еден рок, а потоа следат одлагања поради „непредвидливи околности"? Ќе се продолжи ли со таквото „возење" на граѓаните и во наредните години?

Изборите можат да помогнат околу одговорот на овие прашања.

## Турскиот султан побрзо градел пруги

Поголемиот дел од пругите низ Македонија се прилично дотраени. Може да се видат дрвени прагови кои се стари со децении. Сето тоа слабо се реконструира затоа и возовите мора да се со ограничена брзина на движење, а уште послабо се прават нови делници. А Македонија има традиција на железнички транспорт и градење. Уште во далечната 1873 година, во Велес пристигнал првиот воз од Солун, а само неколку месеци подоцна и до Скопје. Ама тогаш градел турскиот султан..., сега нашите „султани" се поспори иако имаат повеќе механизација и можности.

АГРОНОВА Систем интегратор
АГРОНОВА ДОО – СКЛАДИШТА МАЏАРИ
ЈАВНИ И ЦАРИНСКИ СКЛАДИШТА И ШПЕДИЦИЈА
Ул. Благоја Стефковски бб Маџари, 1000 Скопје Македонија
Тел: +389 2 2535 510 Моб: +389 71 382 062
e-mail: info@agronova.com.mk

# Се читаат ли книги во Македонија или само понекогаш прашината се брише од нив?




Има ли населението во Македонија навики за читање? Се читаат ли доволно книги во земјава? Ова се прашања поттикнати од неодамнешниот Светскиот ден на книгата, кој кај нас помина некако подзаборавено или можеби покриено од предизборието.

Во книгите се скриени сите одговори, во нивните редови има кажувања и за непоставените прашања. Книгите го објаснуваат овој свет, а отвораат и нови, книгите се слободата на човекот, книгите не подготвуваат за предизвиците во животот... Затоа книгите не треба да бидат заборавани.

За потсетување, поводот за одбележувањето на Светскиот ден на книгата кој е воспоставен на 23 април 1995 година, е споменот на големите книжевни величини Мигел де Сервантес и Вилијам Шекспир кои починале на тој ден во различни години.

Инаку, Цицерон многу одамна рекол: „Ако имате градина и библиотека, имате сè што ви е потребно".

Имаме ли дома книги? Оние што имаат, ги отвораат често или само ги забришуваат од прашина оти им користат пред се како декор?

Некои анкети правени пред неколку години во Македонија покажаа загрижувачка состојба со која, на пример, една четвртина од населението не прочитало ниту една книга во годината во која биле анкетирани! Лани, пак, Државниот завод за статистика објави поразителен податок дека македонските библиотеки за една деценија изгубиле 80 проценти од корисниците.

Сепак, може тоа не значи дека населението не чита книги? Каде и да се погледне има многу граѓани кои гледаат нешто во мобилните – повеќето читаат... ама што е тоа? А и сега е дигиталната ера па има книги и на интернет.

Но, на интернет кружат и разни скратени-прераскажани форми од лектирите за деца. Се чини голем дел од учениците се натаму свртени.

Унаку, во Македонија неодамна имаше и една министерка за образование која форсираше - наметнуваше идеа да се укинат печатените учебници и тие да бидат достапни само во електронска форма. Колку тоа е умно и колку тоа ќе помогне во создавањето навики кај младите генерации за читање книги нека заклучи секој сам. Зголемената посетеност на годинешниов Саем на книги што се одржа во Скопје, посебно од младата генерација, покажа дека сите надежи не се загубени и дека книгите може да го најдат својот пат и место до и меѓу граѓаните.

Една стара изрека вели: „За да станеш умен потребно е да прочиташ околу 25 книги. Но за да ги најдеш кои се тие 25, пожелно е да прочиташ стотици книги".



Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

## „СКОПСКО ЕХО“ ПРАШУВА: КОИ ТРИ РАБОТИ ПРВО БИ ГИ НАПРАВИЛЕ АКО СТЕ ГРАДОНАЧАЛНИК?

АНИТА ПОПОВА

*ДА СУМ ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ*

# Би нашла решение за да нема питачи по скопските улици



Биологот Анита Попова ако е градоначалник на Скопје би се ангажирала да се решаваат социјалните проблеми на граѓаните, но и отпадот и превозот...

### 1. Решение за питачењето на улиците

Кога и да поминете крај нив не сте рамнодушни кон децата питачи, но и возрасни лица. Потребно е одржливо и трајно решение. За децата да има повеќе дневни центри за престој на претшколска возраст, како и поголема вклученост во образовниот процес. За возрасните питачи да се обезбедат социјални вработувања.

### 2. Стратегија за справување со отпад

По населбите гледаме контејнери за посебни видови отпад, но тоа не е доволно. Отпадот секојдневно се создава, има големи количества. Потребно е ширење на мрежата за собирање на најразличен отпад, по населби... Потребни се повеќе компостари, поголема едукација.

### 3. Редовен превоз

Јавниот превоз навистина е важен за секој град. Би се заложила за доследно спроведување на возниот ред, но и за унапредување на сообраќајот со хибридни или електрични еко-автобуси и релаксирање на централното подрачје од било какви моторни возила.

НАТАША ЗМЕЈКОВСКА

*ДА СУМ ГРАДОНАЧАЛНИК НА АЕРОДРОМ*

# Ќе ги обновам аеродромските фонтани и чешмички



Средувањето на проблемите во сообраќајот, но и нивна подобра сигурност во Аеродром би биле главен приоритет за Наташа Змејковска

### 1. Поставување на кружен тек

На булеварите во Аеродром има проодност, но на повеќе локации се потребни кружни текови. Би се ангажирала околу тоа. Би направила, исто така, и пешачки премин со флексибилен семафор кај „Џевахир“ кулите.

### 2. Поголема безбедност за граѓаните

На повеќе локации во општината има цели глутници бездомни кучиња. Тие се секако опасност, граѓаните не се чувствуваат безбедно, а има случаи и на каснувања и напади. Тој проблем мора да се реши и би имала интензивна соработка со ЈП „Лајка“ за да тие се ангажираат уште повеќе околу овој проблем.

### 3. Обновување на фонтаните

Приоритет би бил и обновата на сите фонтани и на чешмичке за вода, посебно на онаа на улицата „Тоше Проески“ во Лисиче. Фонтаните и чешмичките кога веќе се направени треба и да работат.



total TV

# ГЛЕДАЈ ТЕЛЕВИЗИЈА
# ЗА 1 ДЕНАР МЕСЕЧНО




+ EON АПЛИКАЦИЈАТА

СИТЕ ТОТАЛ ТВ ПАКЕТИ

**12 МЕСЕЦИ**

**ПО 1 ДЕН МЕС**

**+ ПИНК ПАКЕТ**

ВО ЕКСТРА И ПРЕМИУМ ПАКЕТ

Порачај на (02) 30 63 000 | totaltv.mk

# ГРАЃАНИТЕ ДО ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ




Влезот кон Старата чаршија е целосно руиниран од страната на Центар. Туристите што ќе си речат? **Бранка**



Еве како изгледа улица „18“ во скопската населба Инџиково. Колку години треба уште да се чека да се среди како што треба? **Мирко**

следете не на Facebook Skopsko Eho



На улицата „Вич“ во општина Карпош тревата изгледа вака. Дали ќе се покоси не се зна. Можеби и ќе се чека да се исуши? **Мики**



Еднаш ја пратив фотографијата и не реагираа надлежните. Ова е споменик на жртвите во НОБ кај Зелено пазарче. Нема натпис кому му е наменет, срамно е тоа. **Илија**

**Почитувани читатели,**
Преку рубриката **„ФОТО ДОКАЗ“** можете да испратите пораки до скопските градоначалници за се она што мислите дека треба да го поправат, доправат, направат, исчистат... или пак да ги пофалите за нешто добро сработено. Сите ваши фотографии и краток коментар може да ни ги испратите на **e-mail: skopskoeho10@yahoo.com**

Во зависност од просторот и соодветноста на пораките Редакцијата на **„СКОПСКО ЕХО“** поголемиот дел од нив ќе ги објави во весникот.


ПОВЕЌЕ ЗА ПОМАЛКУ
Избери пакет банкарски услуги по твоја мерка и заштеди на месечните трошоци
Комерцијална банка
ПОЛЕСНО Е ЗАЕДНО
kb.mk

МИЛАН ЃОРЃЕВИЌ

# Во Скопје може да биде навистина добро, само ако е добро и во Битола, Гостивар...

**Спорно е отсуството на урбана визија за Скопје како голем град. Скопје тоне во консумеризам од најлош вид – сè се конвертира добивка, секој квадратен метар треба да се искористи за заработка, смета Ѓорѓевиќ**



За Милан Ѓорѓевиќ, свештеник и универзитетски професор, сам по себе, растот на еден град не би требало да претставува проблем. Но...

**● Кое Скопје го сакате повеќе: Ова сега или тоа од порано?**

-Луѓето и нивните градови постојат во времето. Природно е да се менуваат и едните и другите. Јас сега, во четвртата деценија од животот, не би можел да се замислам себеси да живеам во Скопје од 90-те. Веројатно, ни како тинејџер кој растел пред 2-3 децении не би бил задоволен од сегашниот облик и ритам на градот. Кога луѓе со носталгија зборуваат за тоа како било „во нивно време", тие заборават на фактот дека покрај градот и самите тие се промениле.

**● Скопје и скопјани даваат и плаќаат, но дали институциите и градоначалниците доволно му даваат на градот?**

-Верувам дека има простор за подобрувања, особено во граничната област меѓу верата и културата. Во многу градови во западна Европа се поддржуваат ваков вид проекти, кои може да вклучуваат најразлични содржини, почнувајќи од предавања, дискусии и дебати, преку изложби и перформанси, па сè до концерти на духовна музика. Пример за тоа се Христијанскиот философски форум и Форумот "Philosophia Christiana", интердисциплинарени проекти што ги организирам од 2017 г. Доколку сакаме изградба на сестрана урбана култура која ќе може да се носи со европските текови, ќе мора повеќе да се вложи и во оваа област, како и да се запази континуитетот во поддршката.

**● Дали Вие доволно му дадовте на градот?**

-Давањето претпоставува личносен однос, а градот е простор во кој живеат конкретни личности, заемно општат и споделуваат. Давањето никогаш не е еднонасочно. Еден уличен музичар му дава на градот звук, хармонија и ритам, но и луѓето што слушаат му даваат на музичарот смисла и задоволство од она што го прави. Лично, се трудам со луѓето од мојот град да споделам толку многу нешта што мислам дека еден животен век е прекраток за тоа.

**● Со што најмногу се гордеете во Скопје?**

-Со луѓето. Со оние прекрасни луѓе што го сакаат и почитуваат овој град, што ги почитуваат претходните генерации, како и генерациите што доаѓаат, и се трудат низ дијалог со нив да продолжат понатаму спонтано и креативно да го обликуваат низ времето. Ако треба да конкретизирам, ме радува младата генерација – особено во доменот алтернативната културна и музичка сцена, која ја следам речиси три децении. Оваа културно-возрасна група е особено отпорна на конформизмот и сеопштата апатичност која владее со нашето општество. Во средина и време, во кои загрижувачки многу луѓе имаат губитнички или банален однос кон животот, тие успеваат да се инспирираат, да творат и да градат. Тоа е голема надеж.

**● Преголемо ли е Скопје за Вас, треба ли да расте или да се намали?**

-Сам по себе, растот на еден град не би требало да претставува проблем. Спорни се две нешта поврзани со тој раст. Прво, тоа е отсуството на урбана визија за Скопје како голем град. Скопје тоне во консумеризам од најлош вид – сè се конвертира добивка, секој квадратен метар треба да се искористи за заработка. Вториот проблем е што Скопје расте за сметка на другите градови во Македонија. Некои градови буквално изумираат затоа што младите семејства во голем број се иселуваат од нив. Би сакал секој град во Македонија да има услови да ја гради и развива својата посебна урбана култура. Во Скопје може да биде навистина добро, само ако е добро и во Битола, Гостивар, Кратово или Крушево.

**● Што Ви недостасува во градот, а што би одзеле?**

-Ни недостасува визија за градот како заеднички духовен и културен простор. Со еден збор, ни недостасува урбана традиција. Потребно е односот кон градот да биде втемелен врз вредности, а не врз интереси. Потребно ни е духовно преосмислување на сопственото место и улога во светот во кој живееме. Без смисла нема ниту вредности. Без смисла имаме само див консумеризам.

## Сакам да живеам во град во кој луѓето живеат со смисла

**● Во какво Скопје сакате да живеете?**

-Би сакал да живеам во Скопје со доволно силна и стабилна урбана традиција, втемелена врз вредности, а не врз стихијата на моменталните интереси. Во град со духовен и културен интегритет, град во кој луѓето живеат со смисла, во кој луѓето ја наоѓаат верата наместо да ја загубат. Во град што споделува, а не собира само за себе. Во град на солидарноста, кој ќе придонесува за градењето на урбаната култура на Македонија како цело. Во Скопје во кое ќе се познаваме едни со други, во кој нема да бидеме оттуѓени – во отворен, жив и воспитан град. Во слободна и динамична метропола, која инспирира и поттикнува, во која секој има можност и поддршка да се реализира себеси и тој дух да им го пренесе на генерациите што доаѓаат.






Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ



## Може по првиот изборен круг ќе се сетат на проблемот?

Македонија има голем проблем со демографијата. Се помалку има бебиња, а и се повеќе има иселување од земјата. Едноставно, бројката на населението се топи забрзано.

Сето ова се гледа низ многу примери, а највидливо е во училиштата. За една година се затвориле 14 основни училишта, покажуваат најновите податоците кои ги објави Државниот завод за статистика.

-Во редовните средни училишта, бројот на учениците на крајот на учебната 2022/2023 година изнесува 66 678, што претставува намалување за 3,9% во однос на претходната учебна година, стои во соопштението на ДЗС.

Намален е и бројот на специјални основни училишта, кои сега на територијата на Македонија се 35, а паѓа и бројот на паралелки и ученици, односно за една година, бројот на паралелки се намалил од 11.057 на 10.997, додека пак бројот на ученици од 184.910 на 182.245.

Сите овие податоци се алармантни. Очекувавме за овој голем проблем почесто да се зборува и дава решенија во изборната кампања, ама...

Ај, да се надеваме дека сега по првиот претседателски круг ќе се сетат на темава. И што е уште поважно, по изборите ќе нудат решенија за големиот проблем.

СКОПСКО ЕХО
ул. Димо Хаџи Димов бр. 38, Скопје
тел: 078/418-692
основач:
Антонио Спасов
Редакција:
главен и одговорен уредник:
Бранко Ѓорѓевски
skopskoeho10@yahoo.com
Издавач:
ЕХО МЕДИА ГРУПА
ул. Димо Хаџи Димов бр.38, Скопје
жиро сметка: 290-1000000918-08
Директор:
Костадин Андоноски
Маркетинг:
marketing@emg.mk
тел. 078/444-021
Тираж: 40.000 примероци
Испечатено на: 25.04.2024 г.
Печати: „Европа 92" Кочани
ул. Крижевска бр.22

РАДЕ ИЛИЕВСКИ

# Со многу труд се најдов меѓу најдобрите наставници во поранешна Југославија

**Признанието многу ми значи оти е добиено и во голема конкуренција од 210 наставници од поранешни југословенски простори, вели Илиевски, професор по физичко воспитување**



Во сеќавањата на постарата генерација на граѓани се уште не бледеат споменените на образовниот систем во поранешната заедничка држава Југославија, чиј дел беше и Македонија. И покрај одредени слабости, граѓаните се уште сметаат дека тој систем беше добар, со добри наставници кои учеа и воспитуваа добри генерации ученици. Споменитe и вредностите на тој систем ги негува и Асоцијација на најдобрите наставници на поранешните југословенски простори наградувајќи ги најдобрите учители од поранешни ју-републики. Неодамна ваквото признание, како еден од најдобрите наставници, во Бања Лука, во БИХ, го доби и Раде Илиевски, наставник по физичко воспитување во чаирското основно училиште „Исмаил Ќемали", поранешно „Рајко Жинзифов".

-Признанието многу ми значи оти е добиено и во голема конкуренција од 210 наставници од поранешни југословенски простори, од Словенија, Хрватска, Србија, БиХ, Црна Гора и Македонија. Критериуми за оценување беа континуирани врвни и успешни постигања во наставните и воннаставните активности... Се радувам што мојот ангажман како наставник по физичко фоспитување наиде на почитување. Тоа ме обврзува и да продолжам така во воспитувањето на децата, ни рече Илиевски.

Тој и досега добивал бројни општетсвени награди. Инаку, околу дведесетина пати дарувал крв. Илиевски е познат и по тоа што е ангажиран како професор по пливање во пливачкиот клуб „Пингвин" во Скопје преку кој генерации и генерации млади ги учи да ја совладаат вештината на пливањето.

-Тоа го работем преку три децении и до сега сум обучил околу 18.000 најмлади да научат да пливат. Со тоа и натаму продолжувам бидејќи за секој човек е значајно да знае да плива, како заради сигурноста така и заради уживањето во водата, вели Илиевски.

Тој додава дека најдобар период за да некој почне да учи да плива е од најмала возраст.

-Најдобро е да се почне да се плива на 5-6 години, кога детето нема страв од вода. Тогаш е многу полесно, и мојот совет до родителите е на таа возраст да ги даваат децата во школите за пливање, потенцира Илиевски.

До сега, како професор по физичко воспитување и како тренер по пливање, Илиевски открил многу талентирани ученици за спортски активности.

-Нечиј талент, надареност за нешто веднаш се гледа. Таленти, навистина, ретко се појавуваат но сепак се појавуваат. Кога ќе се забележат со нив треба да почне да се работи веднаш, да не се губи време. Важно е и тоа да брзо дојдат во рацете на тренерите и на инструкторите кои се специјализирани за некој спорт или училиштен предмет. Многу е важен континуитетот и посветеноста од сечија страна, и од талентот и од тренерот. Успехот е најмногу резултат на упорноста, наведува Илиевски.

### На Скопје му се потребни базени

Илиевски апелира Скопје да добие што повеќе базени.

-Во градот има два затворени базени кои се најактивни – Олимписки базен во Центар и базенот во Карпош. Тоа не е доволно, потребно е да има најмалку 5-6 затворени базени за да може што повеќе деца да учат да пливат, нивните родители да не мораат да патуваат многу за да ги носат на часовите


Здравјето пред сè
АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
www.alkaloid.com.mk


Netflix
12 месеци
подарок
со A1 Combo
NETFLIX | A1
NETFLIX
12 месеци
подарок
www.A1.mk

# Светот бара борба со корупцијата, а ние се занимаваме со анахрониот етноцентризам



**Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ**

Се подзасилува предизборното настапување на партиските кандидати, кои стануваат поисклучиви и поагресивни во зборот и гласот не придонесувајќи за вниманието на потенцијалните гласачи ниту за подигнување на рејтингот, што го претпоставуваме за мал број кандидати. Луѓето, (не сите) се борат да преживеат, тешко им е, а се случува хаос и дезориентираност. Во апатичното повлекување и загриженоста им „помага" состојбата во светот, со нови воени жаришта, кои тлееле од порано. Тоа е свет полн со страшни закани во кој и мало човечко внимание има големо значење. Претставниците на партиите, главно познати лица глумат луѓе од народот и за народот, но тоа се празни прегратки и ракувања зачинети со одбрани зборови. Се фаќаат за мали грешки на противникот, се фаќаат „за сламка" за да го навредат противникот и целиот циркус само за власт и привилегии: човекот се троши, старее и му треба сигурност во несигурно време. Малкумина, во фантазијата очекуваат некакви коренити промени затоа што не се прескокнува лесно создадената недоверба.

Ни се случи најголем до сега бран на протести што е израз на очај и незадоволство. Како можеме да си го претставиме моралниот, професионалниот и политички кредибилитет на партиските избраници за кои не знаеме дали ќе бидат и глас на народот. Одредени етно-структури агресивно одат кон целта, а тоа е преземање на власта и дорастурање на „македонската држава". Светот бара единство и решително изведени длабоки резови во борба со криминалот и корупцијата, а ние се занимаваме со анахрониот етноцентризам. Доста ни е од уцени и закани, но тие и натаму сакаат да се мајтапат и да ги провцираат и потценат луѓето, меѓу другото и со инсинуирање, како и со практикување двовластие во земјата. Колкаво е нивното лицемерие кога со толку сиромашен багаж сакаат да ги бранат „европските вредности"? Главната цел е - продолжено безаконие и неказнивност, грабеж на земјата, особено самоволието на етноцентризмот. Одделни навивачки медиуми, навлезени во програмско осиромашување и монотонија се заинтересирани за циркуско исмевање на другиот. Не стивнува одмаздољубивоста, наместо да бидат поодлучни и посветени на создавање национално единство и зацврстување на правната држава.

Линколн, во еден момент се запрашал, а тоа изгледа актуелно и денес: „Како можеме да се спасиме од човек кој не сфаќа дека е претседател подеднакво на сите жители, на сите партии и на сите држави, и како татко на своите деца не смее на едните да им помага со тоа што другите ќе ги уништи?"

Се случи интересно театарче на потстеснетата но осветлена улица „Македонија", со преполни кафулиња и жив дијалог на игра и фотографирање на граѓаните со дечиња и „живите скулптури", во жолта, кафеава, бела обоеност. Во градот има и улични свирачи и жонглери, поштено да заработат некој денар. Поминав покрај Музејот на град Скопје за да се упатам кон „Јавна соба." Не останав на промоцијата, но ги прочитав патописните есеи „Господ, па Америка" на Румена Бужаровска кои со едноставниот, модерен и директен јазик се читаат во еден здив, но со подзамислување. Се продлабочува насилството, физичко и психичко на кое не му се обрнува вистинско внимание. Кој воопшто е заинтересиран за решавање на родовата и родителска нееднаквост, а со тоа расте и незадоволството. Посетеноста на Саемот покажува интерес за книгата...

## ИН БОКС



### Прочитајте пак, и пак....

"Првиот чекор за ликвидација на еден народ е да се избрише неговата меморија.

Да се уништат неговите книги, неговата култура, неговата историја.

Потоа некој да напише нови книги, да создаде нова култура, да измисли нова историја.

За кратко, нацијата ќе почне да заборава што е и што била. Светот наоколу ќе заборави уште побрзо."

Милан Кундера, "Книга на смеата и заборавот"

Прочитајте пак. И пак. И пак. И пак.

Ви звучи познато? Па да зборуваме за отворање на Уставот, за протоколите, историската комисија и учебниците.

**Дарија Андовска, 21 април, Фејсбук**










Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „СКОПСКО ЕХО"

# СДСМ до тука беше - без правење глупости до 8 мај



**Никола ТАСЕВ**

Како денес да се случи, свежа ми е сликата кога Зоран Заев се фалеше дека во 2016 година срушил режим со пенкало! Леле колку беше благодарен на пенкалото... дури и го бакнуваше. Арно ама, потоа тој и неговите направија уште полош ненароден режим и вчера во Македонија пак се активираше истото пенкало. Овој пат ниту Заев, ниту Ковачевски, ниту Пендаровски не сакаат ни да го видат, а не пак да го бакнуваат. Оти пенкалото сега беше во раката на народот и писма напиша до Ковачевски и Пендаровски (Заев засега го прескокнаа, можеби оти очекува делителите на правдата да му пишат). Гледам синоќа смркнати фаци во власта - писмата ги добиле, ги прочитале (верувам по неколкупати), но дали ги разбраа?

Македонија на СДСМ вчера на првиот круг од претседателските избори му напиша: „Ви беше дадена огромна шанса од државата да направите пристојно место за живеење, како што ветувавте, но ја оплескавте. Народот од вас очекуваше искреност и посветеност, а вие го „избањавте" со празни ветувања, лажење и корупција. И најстрашно од се, не го почитувавте неговото мислење, како она на референдумот за името, како онаа за францускиот предлог и вклучувањето на Бугарите во Уставот, како она за автопатиштатата на „Бектел и Енка"... Вашите функционери повеќе мислеа на тендерчиња и од каде да „лапнат" некоја државна паричка, наместо да се посветат на работата. Народот очекуваше и во ЕУ и НАТО да влезат со гордост, со заштитени национални интереси, наместо да се коленичи пред секој бриселски дипломат, прифаќајќи се што ќе понудат тие како „одлично" решение за Македонија. Затоа доста е, ај гитла од власта".

Писмото е подолго, ама да не го пренесувам во целост оти има и по некои непристојни-подиректни зборови упатени до челниците на СДСМ, но да напоменам дека го потсетуваат оти на народот му вети и развој, инвестиции, пристојни работни места, повисоки плати, подобар стандард... За жал, стои во писмото, развојот го имаше само на владините прес-конференции, инвеститорите како „ѓавол од крст" бегаа или ја заобиколуваа државата, работните места младите, наместо дома, ги наоѓаа во странство, повисоките плати останаа само во сферата на статистичка манипулација и се удавија во високата инфлација, а подобриот стандард се уште е утопија.

Граѓаните очекуваа дека ќе се искорени корупцијата, но таа уште повеќе ја задуши државата. Автопатишта, улици, железници, спортски центри, паркови и други капитални проекти се градеа само на телевизиски емисии и во предизборните спотови, а граѓаните не ги видоа во живо. Македонија наместо во огромно градилиште се претвори во држава на камен темелници.

Интересен детал во писмото е дека народот на СДСМ му порачува во престојните две недели до гласањето на 8 мај да не ни помислиле да прават глупости, да прават нови задолжувања, да потпишуваат големи и сомнителни договори, да ја полнат администрацијата или да прават смислени инциденти или некакви комбинаторики во нивни стил „2 плус 2 е еднакво на 16".

„Прифатете ја реалноста барем овојпат, почекајте комплетно да завршат изборите, слушнете убаво и до крај што имаат да ви порачаат гласачите, па тогаш ќе ви стане појасно што всушност треба да направите." – стои на крајот од писмото.

А Македонија се подготвува за две недели да напише уште едно писмо. Уште подраматично, доколку не го сфатиле првото.

А на 8 мај писмо ќе добие и новата власт, со фотки од Заев, Ковачевски и Пендаровски, за да не им текне и тие да ја продолжат „политиката" на СДСМ. Оти народот нема да го испушти пенкалото.

## ИН БОКС



### Многу подобро и поефикасно е...

НАЦИЈА-СИРАЧЕ. Секогаш сум имал резерва кон татко, односно мајка на нацијата (колку да се добри и грижливи), бидејќи после нивното одење нацијата останува сираче, па мора да трага по нова мајка, односно татко. Затоа, многу подобро и поефикасно е државата да се потпира врз нормално донесен Устав, како и врз законите и институциите произлезени од него. Оттука, барем за мене, наместо да се залагаме за татковци, мајки, стрини, вујковци, браќа или братучеди на нацијата многу подобро да се залагаме за добро донесени закони и за строго контролирани државни институции, бидејќи само така може да функционира добро устроена држава. Едноставно, чест кон поединците, меѓутоа уште поголема чест кон институциите, Уставот и законите. Сè друго е само празна сказна, која цели три децении ја гледаме/слушаме, без да извлечеме соодветен заклучок.

**Љубомир Цуцуловски, 18 април, Фејсбук**








Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „СКОПСКО ЕХО"

# „Лаки је мало нервозан" - симулациите на ДУИ и заканите на Али Ахмети



Ивица
БОЦЕВСКИ

Што ни порача ДУИ со симулацијата на Собранието и Али Ахмети со заканите кон Христијан Мицкоски? ДУИ и Али Ахмети имаат две цели на овие избори. Првата е неговото ДУИ да остане неприкосновена прва сила во албанскиот етнички блок и да го продолжи животот на „парадржавата на ДУИ", израснатото диво место внатре во македонските институции. Втората е поривот да бидат забележани од ВМРО-ДПМНЕ и прифатени како иден коалиционен партнер во Владата.

Огромна нервоза кај нив предизвикува обединувањето на опозицијата во албанскиот етнички блок и изборот на Арбен Таравари за заеднички претседателски кандидат. Паниката дека ДУИ веќе не привлекува нови гласови кај етничките Албанци во Македонија ги натера да бараат гласови и кај муслиманските етнички заедници во Македонија, но анкетите велат дека тој маневар е целосно неуспешен. Пред некој ден Артан Груби ни покажа и како ДУИ замислува почит на симболите на другите етнички заедници кога ги натера да ги спуштат сите неалбански знамиња на клучниот митинг во Скопје.

Уште поголема нервоза прави острината на критиката на ВМРО-ДПМНЕ и на другите опозициски партии насочена главно кон ДУИ, како стожерен партнер на актуелната влада. Македонија најде точка на меѓуетничко обединување – буквално сите граѓани, Албанците, Турци, Роми, Срби, Власи, Бошњаци, Македонци и останатите се сплотени против корупцијата, криминалот и заробувањето на институциите од ДУИ и од Али Ахмети.

Вистинското лице на секој човек, а и на секоја организирана група, излегува кога се нервозни, вознемирени и возбудени. Кај ДУИ излезе најгрдото лице на балканскиот исклучив етнички шовинизам. Симулацијата на Собранието беше срамна закана. Али Ахмети и ДУИ ни порачаа дека буквално секој ден може каде било да соберат и да прогласат моноетничка Илирида, онака како што на времето Радован Караџиќ ги собра српските пратеници од босанското собрание и ја прогласи Република Српска. Тоа беше заканата на Али Ахмети кон сите нас во Македонија, пораката дека во секој момент може да ја дестабилизира Македонија и да поведе нова меѓуетничка војна. Убаво е да го потсетиме само каде е сега Радован Караџиќ.

Таква беше и пораката на Али Ахмети кон Христијан Мицкоски. Сега тој е на врвот на моќта и од митинг навредуваше и му се закануваше на еден демократски политичар. Ми се вратија сликите на 1989 година и на заканите на „спонтаниот" белградски митинг, упатени од Слободан Милошевиќ кон Азем Власи кога првиов беше на самиот врв на моќта. Еве го Азем Власи жив и здрав, угледен граѓанин и влијателен општественик на Косово. А, како Милошевиќ си го заврши својот живот? Не е лошо да се потсети Али Ахмети на таа епизода.

Сега сме 2024 година. Македонија е членка на НАТО и единствен интерес за дестабилизација на земјата имаат непријателите на САД и на ЕУ. Али Ахмети веќе не може да предизвика меѓуетничка војна и ДУИ нема капацитет да ја загрози Македонија, а нема ништо лошо во тоа што ќе заминат во опозиција. Но, веројатно нервозата е предизвикана затоа што доаѓа часот меѓународната заедница да ги заокружи постјугословенските 1990-ти, па судски да се процесуира единствениот лик кој што го загрози мирот на граѓаните на поранешна Југославија, а не доби казна за тој грозоморен чин. Европа одлучи да испрати порака со криминализацијата на војната, посебно на југословенските меѓуетнички војни. Кој е последниот лик во поранешна Југославија кој што земја пушка во рака и покрена меѓуетничка војна, а уште не одговарал пред меѓународното судство за злосторства против човештвото? Не е лошо Али Ахмети да си го одговори ова прашање ...

# Нема проблем дојди утре!



Заге
ФИЛИПОСКИ

Одиш на шалтер. Бараш извод од матична книга на родени. Не случајно ти треба за некоја процедура, да го покажеш на некој друг државен орган. За редовна оставинска постапка на пример.

Порачуваш онлајн. Доаѓаш на закажан термин. Чекаш ред. Доаѓаш на шалтер, ти го згрешиле името. Веселиот чиновник весело одмавнува со глава, не е проблем вели дојди утре ќе ти направам нов! Како тоа не е проблем му велам? И те како е проблем. Тој се смее и ме убедува во неговата теза. Не го инересира дека утре сум на пат. Дека и утре треба да се измолкнам низ гужвата, да се испаркирам, да допешачам да се избуткам со останатите. И за чудо повеќето од ликовите ми беа познати, од претходниот ден, значи и ним им го згрешиле името. Но не е проблем и тие дојдоа повторно за да си земат корегирана верзија.

И секогаш така, во централен регистер ја утнаа адресата, во општина решението е со исправка (на името), во фондот ѕиркав во екранот и за да ги детектирам и исправувам грешките, шуќур, инаку сите податоци ќе беа грешни. И сите се позитивни и расположено ти ветуваат: Нема проблем дојди утре! Небаре ти прават услуга, а не им текнува да се извинат дека направиле грешка и дека со тоа причинуваат материјална штета наречена дангуба. Колкава е вредноста на дангубата во една држава? На дневна или годишна основа?

Колкава е вредноста на дангубата на семафори? Колку непотребни издувни гасови? Прекумерно потрошено, скапо увезено и акцизно оптеретено гориво трошиме на несинхронизирани семафори, нефункционални и без концепт сообраќајни решенија, едноставно на некадарност на кои сме им дозволиле надлежност во последните 30 години. Ги гледаме насмеаните сограѓани партиски митинзи. Ги поддржуваат своите, ги хејтаат туѓите. Се гушкаат се поддржуваат, насмеани, очекуваат прогрес од своите и катаклизма од туѓите. А што всушност се остварува?

Се прашувам дали овие исти поддржувачи и хејтачи се толку ажурни кога ќе се соочат со моите доживувања? Дали исто така здушно и здружно се упатуваат во штабовите и на партиските состаноци и конгреси бараат отечет од истите кои ти тапкаат по рамо? Дали им кажуваат дека не се согласуваат со ноќно изменетите ДУП-ови, под рака продадени парцели, кривоправо изведени тротоари, скршено поставени плочки, и ... или се тука само да седат во публика, да се навредуваат и да се плукаат со другата публика, да се замераат и хејтаат со роднините и комшиите, а за суштинските животоважни прашања не заслужуваат одговор!?

skopskoeho.mk КЛИКНИ!
читајте не и на интернет и таму сме бесплатни


Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „СКОПСКО ЕХО"

# Решение за градскиот метеж по светски терк



Пеце ЛОЗАНОВ

Додека нашите политичари неуморно тераат кампањи со раскопани улици во просек година дена до шест месеци се асфалтира една уличка, забораваат на метежот и нервозите создаден во тој период, а очекуваат за тој метеж дури и аплауз. Метежот е одамна заборавениот проблем особено за Скопје и другите градови. Само кај нас за политичарите не постои проблем или причината за проблемот е спротивниот табор. Сообраќајниот метеж е чест проблем во градовите ширум светот, што предизвикува фрустрација кај возачите, долгите доцнења, зголемено загадување и несреќи. Како такви, многу градови сега користат софтвер за контрола на сообраќајот за да го подобрат начинот на кој се одвива сообраќајот. Софтверот собира податоци од сообраќајните камери и сензори, кои потоа се анализираат во реално време за да се направи проток на сообраќај и да се намали метежот. Градовите, исто така, се повеќе користат софтвер за видео аналитика за подобро да ги разберат нивните податоци за сообраќајот. Овие информации може да се користат и за подобрување на безбедноста, што ќе доведе до поефикасен и побезбеден транспортен систем. Просечен возач поминува дополнителни 54 часа годишно во сообраќај поради метеж. Овој број се зголемува во последниве години бидејќи урбаното население продолжува да расте и бројот на возила. Губењето време е незгодно за возачите, предизвикува штета на животната средина и ја намалува продуктивноста на градот. Не е ни чудо што градовите бараат да го намалат метежот и да го оптимизираат протокот на сообраќај. Постојат неколку начини на кои градовите управуваат со сообраќајот користејќи софтвер за контрола на сообраќајот за да ја подобрат ситуацијата. Лондон, на пример, има инсталирано сензори за броење сообраќај на клучни локации низ градот.

Овие податоци се користат за управување со протокот на сообраќај и олеснување на метежот. Иницијативите за паметни градови исто така ја менуваат играта. Со користење на технологија за подобро разбирање и управување со урбаните средини, градовите можат поефикасно да се справат со сообраќајниот метеж. Иако не постои решение во еден чекор, со постојани иновации и напор, можно е да се намали метежот за полесно да се движиме низ нашите градови. Податоците за сообраќајот се клучни за разбирање и подобрување на протокот на сообраќај во која било урбана област. На пример, Њујорк одамна е познат по сообраќајниот метеж и историски е рангиран како најлош град во светот за сообраќај. Но, со анализа на сообраќајните шеми, Њујорк направи промени за да го подобри сообраќајниот метеж. Една од најважните алатки што градот ги користел е софтверот за анализа на податоци за сообраќајот. Овој софтвер собира податоци од сообраќајните камери и сензори, кои потоа се анализираат во реално време за да го помогнат протокот на сообраќај и метежот. Градот има инсталирано камери и сензори на главните патишта за следење на сообраќајот во реално време. Со софтверот за видео аналитика тие добиваат подлабок увид во податоците за сообраќајот. Или градот-држава, Сингапур има население од над пет милиони луѓе, а сообраќајот не можеме ниту да замислиме каков проблем претставува за нивните власти. Градот спроведе иницијативи за следење на сообраќајот во реално време и оптимизација на семафорите за да го олесни метежот. Градовите ширум светот користат различни методи за подобрување на контролата на сообраќајот, но некои се поефикасни од другите. Земајќи ги во предвид најголемите метрополи за случај е само предикт дека кога се сака, може да се реши проблем. Софтверот за контрола на сообраќајот во реално време е заедничкиот именител на водечките градови. Со новите технологии, градовите можат да го приспособат протокот на сообраќај во реално време и да добијат релевантни сознанија за сообраќајните шеми со средства за анализа на тековните и историските сообраќајни снимки. Овие податоци се од суштинско значење за градските планери при прилагодување на протокот на сообраќај и соодветно градење на новата инфраструктура. Дали после овие избори ќе се зафатат сериозно да ги решаваат проблемите во сообраќајот или ќе останиме само на раскопаните и делумно асфалтирани улици. Или се зависи од вољата на старо/новите властодржци на дебелите кожни фотељи!?





Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

АЛЕКСАНДРА РИСТОВСКИ

# Преку волонтирање стануваме најдобрата верзија од самите себе

**Со волонтирање се излегува од конфорната зона во која често пати се наоѓаме. Од моментот кога ќе се излезе од таа зона, започнува процес на развој, раст и учење, вели Ристовски**




Со Александра Ристовски, самостоен стручен соработник во Црвен крст на Град Скопје во рамките на македонскиот Црвен крст, зборуваме за убавините и вредностите на волотирањето...

**● Колку волонтерството е присутно во Македонија? Кога ќе кажеме волонтери и волонтерство, што стои зад тоа?**

-Волонтер на Црвениот крст е лице кое доброволно, со личен придонес, ентузијазам и заложба извршува работи за Црвениот крст, но и помага во подобрување на животот на ранливото население, пред сè на локално ниво, без материјална корист. Волонтирањето може да биде организирана или спонтана активност. Во Движењето на Црвен крст, на волонтирањето се гледа како поформална организирана активност. Кога оваа активност е организирана, лицето или лицата кои ја организираат треба да се назначени претставници на организацијата на Црвениот крст или Црвена полумесечина за која работат. Организирано е на ваков начин, за да се обезбеди дека работата која се извршува е во согласност со основните принципи на Движењето на Црвен крст и Црвената Полумесечина. Во Црвен крст на РСМ има околу 8.000 активни волонтери и тие се вклучени во различни дејности како работа со млади, лица во трето доба, лица со попреченост, социјално ранливи лица, односно во социјално- хуманитарните активности, во подготвеност и дејствување при катастрофи и здравствено превентивни дејности.

**● Во што ја гледате убавината на волонтерството?**

- Преку волонтирањето се излегува од конфорната зона во која често пати се наоѓаме. Од моментот кога ќе се излезе од таа зона, започнува процес на развој, раст и учење. Се реализираат активности кои често немаме можност да ги правиме или никогаш до сега не сме ги правеле, што значи дека учиме нови нешта, нови вештини и усвојуваме нови знаења. Често пати учиме и за другите околу нас, но учиме и за самите себе. Се работи во тим, понекогаш сме лидер на тимот, но понекогаш сме членови на тимот. И двете улоги се важни и потребно е искуство за да може добро да се одиграат. Преку волонтирање повеќе координираме и сме координирани, учиме како да презентираме и како да се презентираме. Работиме со целни групи со кои обично немаме допир во секојдневието, лица со посебни потреби, лица во трето доба, самохрани родители... лица заради кои сме подготвени да направиме повеќе, да ги кренеме сопствените ѕидови и да ги смениме одредени лични ставови. Заради сето ова преку волонтирањето стануваме најдобра верзија од самите себеси. Излегуваме променети од целиот процеси и желбата за волонтирањето останува!

Преку волонтирањето се поврзува формални и неформалното образование, односно теоријата и праксата. Преку волонтирање на една индивидуа се отвора можност за запознавање нови луѓе, интензивна комуникација, развивање на лични и професионални вештини и поттикнување на активен пристап кон животот. Волонтерството како модел на функционирање во рамки на општеството создава национална солидарност и во време на неповолни услови каде попросперитетните групи најчесто се жртвуваат за доброто на оние кои имаат потреба.

**● Еднаш имате изјавено дека волонтерите се „посебна група на луѓе но која не секогаш е разбрана во општеството". Што мислевте со ова?**

Во Црвениот крст веќе 25 години работам една програма Црвен крст во акција- Промоција на хумани вредности (ПХВ програма), програма која работи на регрутирање на млади волонтери на возраст од 13 до 17 години на Национално ниво, но и пронаоѓа начини како да ги задржи младите во редовите на организацијата. Често пати од младите слушам дека другарите не ги разбираат зошто волонтираат, ги прашуваат често пати кои се бенефитите кои ги добиваат, дали се работи за финаниски надомест и сл. Не се работи за пари туку за придобивки кои им го менуваат животот, трајни пријателства, можност за патувања, добивање на обуки, вештини со кои се стекнуваат, трасирање на животниот пат... и сл.

Младите кои се дел од некои организации кои нудат волонтерски практики и можности знаат дека волонтирањето е алтруистички чин и дека волонтерството се заснова на принципот на доброволност, дејствување во корист на други лица без финансиски надомест. Волонтерите и волонтерството во секоја држава претставуваат човечки потенцијал кој континуирано се мобилизира согласно потребите. Вредноста кои волонтерите ја создаваат и вградуваат во своите активности е „бесценета", бидејќи поседува особен квалитет кој е збогатен со хуманата димензија на добрата волја.

## Се развиваат норми на солидарност и реципроцитет

**● Како општеството да однегува нови и нови генерации на волонтери? Треба ли некаков (макар и симболичен) надомест да добиваат волонтери? Крводарителите, на пример, добиваат некои повластици...**

-Преку волонтирање како начин на дејствување, личноста има општествена и индивидуална полза. Волонтерството помага при градењето кохезивни заедници, при што се поттикнува поголема доверба меѓу граѓаните и развива норми на солидарност и реципроцитет, кои се неопходни за една стабилна заедница. И Црвениот крст, но и секоја друга организација секогаш мора да има нови модели за волонтирање кои ќе бидат атрактивни и привлечни за сите кои сакаат да станат волонтери. Потребно е креирање модели преку кои ќе се вклучат сите заинтересирани во системот на волонтирање. И во тој систем, на волонтерот секогаш треба да му биде обезбеден оброк додека ја извршува активноста и секако треба да му биде обезбеден транспорт или транспортни трошоци, во никој случај тој не треба да троши од сопствените средства. Волонтерите се секогаш истакнати како позитивен пример во нашата заедница и на многу пригоди се наградувани со благодарници и плакети. Крводарителите исто така може да бидат волонтери во нашата организација, а нивните бенефиции како дарители се пропишани од страна на државата и законските прописи за крводарување. Ние постојано работиме на нивна мотивација преку семинари, обуки, форуми со кои ги зајакнуваме нивните капацитети, но доделувме и награди и признанија со што ја уважуваме нивната хумана мисија.

ИВАН СТОЈАНОВ

# Свирам на клавир по 4 часа на ден, најважна е желбата и инспирацијата да се користи талентот



**Самиот талент без континуирано вежбање е безвреден, но и самото вежбање ако е непромислено е неефективно, вели 17-годишниот Иван**

Да се има талент во некоја област сигурно е значајна работа, но некогаш може да биде и проблем како тој талент и да се изрази. Во музиката, на пример, може да се постави прашањето преку кој инструмент да се покаже надареноста. Токму со таков „проблем", уште од својата најрана возраст се соочил седумнаесетгодишниот Иван Стојанов, сега ученик во музичкото средно училиште ДМБУЦ "Илија Николовски-Луј" во Скопје.

- Кога бев трето одделение татко ми почна да го забележува мојот музички талент. Одлучи дека ќе ме запише на музичко училиште. Ме интересираа удирачките инструменти, па одлучивме да ме запише на тарабука. Но, во четврто одделение го изгубив интересот за тарабуката и се префрлив на саксафон. Во петто одделение престанав да одам во музичко училиште. По неколкумесечна пауза од музиката повторно одлучивме да се запишам на музичко и да посетувам настава по клавир..., вели Иван.

Секојдневната дружба со пијаното придонела желба за учење постојано да расте. Денес може слободно да се каже дека музиката и пијаното се составен дел од неговото битие и истовремено храна за неговата душа. Следувале бројни настапи, посебно значаен му е настапот на концертот „Младите доаѓаат" кој се одржа лани во јуни во Македонска филхармонија на кој настапи како солист. Редовно се труди и да учествува на домашни и меѓународни натпревари на кои секогаш го дава својот максимум, што само по себе резултира со освојување на голем број први награди.

-Самиот талент без континуирано вежбање е безвреден, но и самото вежбање ако е непромислено е неефективно. Па, затоа, ние музичарите мораме да вежбаме со исклучителна будност, користејќи го нашиот талент ако сакаме да го извлечеме максимумот од времето поминато вежбајќи. Вообичаено до сега во моето школување сум вежбал од 5 до 6 часа на ден, но пред неколку месеци донесов одлука да одржувам 4 часа вежбање на ден со цел тоа време да пробам да го искористам најефективно, вели тој.

Иван ни објаснува дека ваквата одлука ја донел во периодот кога сфатил дека прекумереното вежбање му придонесува за варирања во расположението.

-Ние како музичари не треба да чувствуваме замор од музиката, туку треба да ја живееме со еден ведар дух и големо расположение. Па затоа јас секојдневно ја земам доволната доза на вежбање, а не повеќе. Исто така секојдневно посветувам дел од моето слободно време читајќи и изучувајќи ги и другите теоретски дисциплини на музиката, вели тој

Тој има и совет до младите талентирани лица:

-Ако чувствуваат талент за спорт нека спортуваат повеќе, ако е талент за уметност, нека ја изучуваат таа уметност, ако е ликовна нека одат на ликовни изложби, ако е музичка нека одат на концерти. Сметам дека во денешно време е поедноставно во споредба со минатото една индивидуа да го развие својот талент, бидејќи сè ни е многу лесно достапно. Најважно е да имаме силна желба и инспирација да го направиме тоа, потенцира Иван.

## Музичар со огромен потенцијал

Неговата професорка и менторка Катерина Ќетковиќ-Фидановска вели дека Иван е исклучително талентиран пијанист.

-Тој е музичар со огромен потенцијал и изразена музичка индвидуалност. Сето тоа поткрепено со многу труд дава одлична комбинација за успех. Сигурна сум дека му предстои плодна и богата иднина. За мене е голема среќа и задоволство што ја имам можноста да бидам негов наставник по пијано и да ги пренсувам моте знаења и искуства, вели таа.


ВЕСНИКОТ ГО ИМА И ВО ВАШЕТО МААЛО...

40.000 тираж

# Земете примерок на „Скопско Ехо" на 100 локации низ градот и републиката

Ова се локациите каде може да си земете весник „Скопско ехо", кој бесплатно ве чека секој четврток, а се дели и на плоштади, како и во градови низ Македонија:

**Автокоманда:** Маркет КАЛИНКА; Драгстор ЕЛДЕ
**Аеродром:** Тобако ТАБАК ИВ; Пекара ЈОВЧЕ ТЦ Бисер; Пиљара греен Фруит; Маркет ОКИ; ДИСКОНТ М; Месарница БЕЈБИ БИФ ТЦ Бисер
**Битпазар:** Тобако ГАБЕРЦИ ТРЕЈД
**Бутел 2:** ТП КИКИ; Продавница МАТАК
**Влае:** ТИКТАК Тобако
**Водно:** ВОДНО МАРКЕТ
**Железара:** ПАПАК ТРЕЈД
**Капиштец:** Тобако МАРТОН ТП
**Карпош 1:** Продавница УН АМИГО ГРАНДЕ
**Карпош 2:** Тобако ЕСТЕРА ЛУКА.
**Карпош 3:** ТАК ТОБАКО; ДАНИ МЦ
**Карпош 4:** Зур и Гранап
**К. Вода:** Тобако МОРНАР; Тобако ТО МИ АС; Маркет ДИМ
**Козле:** ЗОКИ ГОЛД
**Населба Лисиче:** ДИСКОНТ М, ЕЛИДА 28, ЕЛИДА 29
**Населба Лисиче:** ДИСКОНТ М
**Ново Лисиче:** АГРОВАРДАР ПРОМЕТ
**Тафталиџе 1:** МЕСАРА АНДРЕА
**Тафталиџе 2:** ТОБАКО ВЕНЕРА
**Центар:** ДЕНЕСА ТОБАКО, ТОБАКО МТ АС, ТОБАКО ЛАЦДИ, продавница ЦАЦИ, КИОСК ВИТА ПРЕС
**Црниче:** ПОЛО МАРКЕТ
**Чаир:** Продавница ГИЛЕ СУПЕР ТРЕЈД; ТП КИКИ
**Ченто:** МАРКЕТ АНГО КОМЕРЦ

МАРКЕТИ ЕЛИДА

Весникот може да го побарате и во објектите на МАРКЕТ ЗУР

ОБЛОЖУВАЛНИЦИ

ПЕКАРИ

МАРКЕТИ ГРАНАП

ЕВГЕНИЈ ПОП АЦЕВ

# Кули од песок или замоци од снег ми се посебна вештина

Нашиот познат пливач во маратонско пливање Евгениј Поп Ацев одговара на десет прашања надвор од спортот...



**1. Три најсреќни моменти во животот?**
- Раѓањето на ќерките ( најсреќни два моменти ). Победа на Охридски Маратон. Победа во севкупна Гранд При серија

**2. Три работи кои се каете што сте ги направиле?**
-Што не успеав ни да се квалификувам Олимписки игри. Што многу долго бев настрана од Стоматологијата од кога дипломирав. Што помалку обрнував внимание на здравјтое и повредите порано, и сега ги чуствувам ефектите.

**3. Тројцата Македонци од сегашноста со кои се гордеете?**
- Иако веќе подолго време не е со нас сепак е човек од нашата сегашност, Тоше Проески. Можеби како група спортисти, светски почитувани, како Кире Лазаров, Горан Пандев и др. Исто група на уметници, да не одвојам некој посебно.

**4. Три работи кои Ве радуваат и три што Ве нервираат?**
Ме радуваат: Фамилијата, другарите, спортот и професијата
Ме нервираат: Политика, конфликти меѓу луѓето, перење садови

**5. Три предмети што најмногу Ве намачија како ученик?**
- Математика, Хемија, Физика

**6. Три работи во кои сте добар, и три во кои не Ве бива?**
-Добар сум во тешка физичка работа, Хахаха, за што треба кондиција. Цртав добро во школо (со молив, боење не ме биваше). Кули од песок или замоци од снег ми се посебна вештина.
Не ме бива за домашни работи- поправки и слично, компјутери и технологија и преговарање за што било.

**7. Три места во Македонија што радо би ги посетиле?**
- Охрид, Маврово и Матка. А што не сум бил, а сакам да одам – Кратово, Пелистерски очи и Мариово.

**8. Три најдобри книги, филмови и песни?**
-**Книги:** Злостор и казна, Кодот на Да Винчи, Волшебното самарче.
-**Филмови:** Man on fire, Балканкан, The Shawshenk redemption.
-**Песни:** Бисер Балкански (Гоце Николовски ), Baila Morera (Zuchero), Убава (Eye Sue).

**9. Три омилени јадења?**
- Ајвар со сирење, пипер, патлиџан, Бродето

**10. Три совети кои ги давате на другите?**
-Со работа се надминува секој талент; Третирај ги другите како што би сакал да те третираат; И во најмалите работи најди задоволство.

## ГРАДСКИ ИНФОРМАТОР

### МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
25 април 20.00 ч.
**Ничија земја**
26 април 20.00 ч.
**Ничија земја**
27 април 20.00 ч.
**Силјан Штркот Шанца**
29 април 20.00 ч.
**Не се клади на Енглези**
30 април 20.00 ч.
**Јубилеј 20 години Танц фест**



### НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
26 април 20.00 ч.
**„Љубовни дуети" - Концерт на солисти од хорот**

### ФИЛХАРМОНИЈА
25 април 20.00 ч.
**„Божествен"**

### ДРАМСКИ ТЕАТАР
**Фирма**
25 април 20.00 ч.
**Мојот маж**
26 април 20.00 ч.
**Хедра Габлер**
27 април 20.00 ч.
**Фирма**
30 април 20.00 ч.
**Кафез кај кокони**






### ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ
25 април 19. 00 ч.
**Лакомата меца**
26 април 19.00 ч.
**Пипи долгиот чорап**
27 април 19.00 ч.
**Палешка**



### СИНЕПЛЕКС
25 април
**Безгрешна, хорор**
**Улоги:** Сидни Свини, Симона Табаско

## ПОВАЖНИ ТЕЛЕФОНИ ВО СКОПЈЕ

Противпожарна бригада 193
Брза Помош 194
Полиција 192
Клинички центар 3147 147
Градска општа болница 3087 400
Водовод и канализација - Пријави дефект-Скопје 0800 22555
ЕВН Македонија-пријава на дефекти 0890 88888
ЈСП-Скопје 3 174 264
Национална бесплатна СОС линија за жени жртви на семејно насилство - 070 141 700; 141 700
АМСМ-Телефон за состојба на патишта и информации 15555
АМСМ-Телефон за помош на пат и шлепување 196
Железничка станица-Скопје 3 164 255
Аеродром ТАВ 3 148 333
Меѓуградска автобуска станица - Скопје 2466 313
Матична служба 3223 787
Храм „Св. Климент" 3237 218
Пазарен инспекторат 3220 547
Целосен телефонски именик на Република Македонија 1188
МНТ билетарница 02 3230 304




Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

| | НАСЕЛЕНО МЕСТО ВО БЛИЗИНА НА СКОПЈЕ (БАЊА) (ФОТОС) | УКРАС НА ЖЕНСКО УВО | ФИЛМ СО ЏОДИ ФОСТЕР | ФИЛ ЗА ТОРТИ | ОДВИТКУВАЊЕ НА НЕШТО ЗАВИТКАНО | РАТ. ЗА ИТАЛИЈАНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА | БЕЗОЧЕН, ЦИНИЧЕН | ГОЛЕМА ЗАГРАДА (ТИПОГР.) | ОГРАДА ОД ШТИЦИ ИЛИ ОД ЛЕТВИ |  | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДОГОВОР МЕЃУ ПАПАТА И НЕКОЈА ДРЖАВА ЗА ОДНОСИТЕ НА РКТ ЦРКВА | | | | | | | | | | | | | | |
| ПУШКА ШТО ПУКА ЗА ТРЕВОГА ИЛИ ДА ДАДЕ ЗНАК (АРХ.) | | | | | | | | | | | | | | |
| ТВ-ПРИЕМНИК | | | | | | | | | | | | | | |
| ЛАНА ТАРНЕР | | | МУЗИЧКА НОТА / РЕКА ВО ФРАНЦИЈА, ПРИТОКА НА РОНА | | | ПРЕКАР НА ЏИЉОЛА) / НЕЗАСИТЕ ЈАГЛЕВОД. СО ДВОЈНА ВРСКА | | | | МУЗА НА АСТРОНОМИЈАТА | КРАЈБРЕЖЈЕ, МОРСКИ БРЕГ, РИВА (ЛАТ.) | КОЗАЧКИ ПОГЛАВАР (МН.) | ПРЕКАР НА ФУДБАЛЕРИТЕ НА МИЛАН / РЕКА ВО РУСИЈА | М |
| ПРИСТАНИШТЕ ВО ИЗРАЕЛ | | | | СИТЕ ЗБОРОВИ НА ЕДЕН ЈАЗИК (МН.) / РОМАН ОД КАРЛ МАЈ | | | | | | | | | | |
| ЦИЦАЧ ОД РОДОТ НА ДЕЛФИНИТЕ ВО СЕВЕРНОТО МОРЕ | | | | | | | ДОНАТОР / ХОЛАНДСКИ ШАХ-ВЕЛЕМАЈСТОР, ЈАН | | | | | | | |
| КИСЛОРОД | | УКРАС ВО КНИГА, ОРНАМЕНТ / АВТОМОБИЛ (СКР.) | | | | | | | ДЕЛО ОД ШАТОБРИЈАН / ГАНЕ ТОДОРОВСКИ | | | | | |
| ВАСИЛ АТАНАСОВ | | | ТУРСКИ ПОЕТ (1572-1635) / ЕДЕН ТОНСКИ РОД | | | | | ГЛ. ДУХ, ЖИВЕЕ ПД ЗЕМЈА, ГО ЧУВА БОГАТСТВОТО / ИРИДИУМ | | | | | АЗОТ / РУСКА НЕГАЦИЈА | |
| НА ОВА МЕСТО | | | | | ПОДРАЖАВАЊЕ, ИМИТАЦИЈА / У. Б. | | | | | | | | | |
| | ТУТУНОПРОИЗВЕДУВАЧ / КЕЛВИН | | | | | | | | АРТИСТОТ ВРХОВЕЦ / "ДИЈАГОНАЛА" | | | | | |
| НАШ АКАДЕМСКИ СЛИКАР, РУБЕНС "МЕМОРИЈАЛ МУЗЕЈ ПЕЛИНЦЕ" | | | | | | | | ПЕТТА, НАЈНИСКА КАСТА ВО ИНДИЈА ( . А П . Т . ) | | | | | | |

## СУДОКУ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 8 | 2 | | | 9 | | | |
| 3 | | 4 | | 6 | | | 1 | 8 |
| 9 | 6 | | | 3 | 8 | | | |
| 1 | | | | | 6 | 3 | 2 | |
| 6 | | | | | 4 | | | |
| | 3 | 5 | 8 | | | | | 7 |
| | | | 6 | 8 | | | 7 | 5 |
| 5 | | | | 1 | | 8 | | 3 |
| | | | 2 | | | 1 | 9 | |

## ХУМОР

– Се враќам вчера порано од службено патување и веднаш го отворам шифоњерот... А таму – празно, под креветот – празно, во спалната – празно...
– А жена ти како реагираше?
– Не сум женет бе... Ме ограбиле...

***

– Сакаш ли да пиеме по една ракија?
– Не. Подобро чај.
– Овошен или од билки?
– Од билки.
– Нане, липа, мајчина душица, кантарион?
– Нане.
– Пластична или порцеланска чаша?
– Порцеланска.
– Шеќер, мед или засладувач?
– Мед.
– Планински или ливадски?
– Добро, добро! Тури по една ракија!

***

Учителката му вели на ученикот:
– Ти Петре си одличен ученик. Многу си примерен, мирен, добродушен, не се тепаш и покрај тоа што некои останати ученици те задеваат. Продолжи така и еден ден, единичарите ќе те вработат во фирмите што ги украдоа нивните татковци!




Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ